РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-531/4
10.02.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК

## од 4-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 05.02.2025 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен и д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** Димитар Тануров, м-р Ивона Муфишева, Магдалена Д.Довлева, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот, Лазо Петрушевски ја отвори 4-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата со 5 гласа „за“ (г-дин Јанчески во моментот на гласање не беше приклучен на седницата) го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 3-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 29.01.2025 година.
2. Разгледување на кварталните извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за периодот од 1 октомври до 31 декември 2024 година.
3. Предлог – одлука за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис, на локално ниво, на подрачјето на општина Куманово.
4. Предлог – одлука за исплата на надоместок за смрт на член на потесно семејство на вработен во Стручната служба на Агенцијата.
5. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа предложениот записник од 3-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 29.01.2025 година, при што беа предложени неколку корекции за подобрување на неговата прецизност и јасност.

Г-дин Фиданоски истакна техничка забелешка во својата дискусија на страници 4 и 5, посочувајќи дека во записникот е наведено погрешно презиме на соговорникот. Тој предложи исправка – наместо „г-дин Трајчевски" да стои „г-дин Трајчев".

Дополнително, г-дин Трајчев даде интерпункциска забелешка на страна 2, во последниот пасус, каде што предложи точката да се замени со прашалник. На страна 3, тој посочи потреба од корекција на зборот „предложи", кој треба да биде заменет со „го прифати предлогот да се побара автентично толкување".

За време на седницата, се приклучи и г-дин Јанчески, кој, поради технички причини, најави дека неговото учество и гласање ќе се реализира исклучиво преку аудио врска.

Советот на Агенцијата, со вградените корекции од г-дин Фиданоски и г-дин Трајчев, со шест гласа „за" го усвои записникот од 3-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во текстот како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата ги разгледа Кварталните извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за периодот од 1 октомври до 31 декември 2024 година.

**Точка 3**

Помошник раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки м-р Ивона Муфишева ја образложи Предлог–одлуката за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис, на локално ниво, на подрачјето на општина Куманово. Објасни дека Советот донел Одлука во октомври 2024 година, со краен рок за доставување на пријави до 30 декември 2024 година. Јавното отворање на пристигнатите пријави се одржало на 10 јануари 2025 година, при што било констатирано дека е поднесена само една пријава. Во периодот од 10 до 28 јануари 2025 година, надлежните сектори ја оценувале пријавата според критериумите утврдени во конкурсот. Оценувањето резултирало со доделување 95 бодови, што покажува дека пријавата ги исполнува сите предвидени услови. Врз основа на ова, се предлага да се донесе Одлука за доделување дозвола на кандидатот – физичко лице, кое, по извршената проверка во Централниот регистар, е утврдено дека не ги прекршува одредбите од Глава 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Г-дин Петрушевски истакна дека, како и секогаш, го поздравува доделувањето на нови дозволи и изрази поддршка за предлогот.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис говорно-музичко радио од општ формат во кое застапените видови програми остваруваат најмалку две од трите медиумски функции, на македонски јазик, на локално ниво, на подрачјето на општина Куманово, на физичко лице.

Радио програмскиот сервис ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации на Република Северна Македонија (АЕК), и тоа: 92.6 MHz.

Дозволата за радио емитување на локално ниво, се доделува за временски период од 9 (девет) години и истата не може да се пренесува на друго лице.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената одлука да ја објави во „Службен весник на РСМ“ и на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за исплата парична помош - надоместок за смрт на член на потесното семејство – брачен другар, на работник во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во износ од две просечни месечни нето-плати во Република Северна Македонија, односно 83.814,00 (осумдесет и три илјади и осумстотини и четиринаесет) денари.

Горенаведените средства се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година.

**Точка 5**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**